Друштво за производство,трговија и услуги
**ОРКА ХОЛДИНГ** АД
Бр. 02-440/2
06.06 2024 год.
СКОПЈЕ

Собранието на акционери на Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје, на ден 06.06.2024 година, ја донесоа следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на завршна сметка за деловната 2023 година и ревизорски извештај**

**Член 1**

Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје, за 2023 година, со остварен финансиски резултат од работењето:

| | |
|---|---|
| - Остварени приходи | 347.833.757 денари |
| - Остварени расходи | 146.808.692 денари |
| - Остварена добивка пред оданочување | 201.025.065 денари |
| - Данок на добивка | 0 денари |
| - Остварена добивка по оданочување | 201.025.065 денари |

**Член 2**

Остварената добивка по оданочување, наведена во членот 1 од оваа Одлука, се распоредува во акумулирана добивка.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзино донесување.

**Скопје, 06.06.2024 година**

**Претседавач на собрание на акционери на ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје**

-----------------------------
**/Ратка Куноска Камчева/**

Друштво за производство трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работењето во 2023

**Содржина:**

ОПШТИ ПОДАТОЦИ.....................................................3

КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ  И  ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ.............4

ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ.....................................................5

ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ И АКЦИОНЕРИТЕ.....................................................6

ДИВИДЕНДА .....................................................7

СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ ВО 2023 ГОДИНА.....................................................8

ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2023 ГОДИНА .....................................................9

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| **Назив на Друштвото** | **Друштво за производство, трговија и услуги Орка Холдинг АД Скопје** |
| **Скратен назив** | **Орка Холдинг АД Скопје** |
| **Седиште и адреса** | **ул.Скупи 3А, Карпош – Скопје** |
| **Телефон** | **02/3099-508; 02/3099-509** |
| **Адреса на електронска пошта** | orkaholding@orka.mk |
| **Адреса на интернет страницата** | www.orka.mk |
| **Матичен број** | **5989876** |
| **Шифра на дејност** | **70.10** |
| **Опис на дејност** | **Управувачки дејности** |
| **Деловоден број во Централен Регистар** | **35020210018995** |
| | |

Темелите на успешната приказна на „Орка Холдинг" се поставени пред 3 децении, во1990 година, кога своето работење компанијата го започнува со само шеесетина вработени и отварање мал производствен погон.

Денес, 34 години подоцна, Групацијата Орка Холдинг е еден од најголемите работодавачи во земјата. Активна во различни сектори, со диверзифицирано портфолио на инвестиции, со над 20 компании и повеќе од 1.800 вработени. Групацијата им служи на своите клиенти и партнери со напредни технологии , највисок квалитет на брендот и динамички и мотивирани човечки ресурси.

Темелејќи го своето работење на принципите на ликвидност, сигурност, рентабилност, начелата за лојална конкуренција на пазарот, добрите деловни односи и најзначајните етички принципи, компанијата природно создава своја бизнис клима во која води грижа за своите вработени, клиенти и партнери.

## КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Управувањето со Друштвото Орка Холдинг АД Скопје го врши Бордот на директори. Правата и обврските на Бордот на директори, се регулирани со Статутот на друштвото,во согласност со Законот за трговски друштва.

Бордот на директори се состои од три члена, од кои два се неизвршни, а еден е извршен член кој го носи називот Извршен директор.

Бордот на директори на Орка Холдинг ги дефинира деловно стратегиските планови, адаптирани согласно потребите на домашниот и глобалниот пазар, интерните организациски фактори и општествените текови и збиднувања.

Визија на Орка Холдинг Групацијата е да се создаде компанија која ќе претставува јака глобална компанија, препознатлива по своите вредности: грижа за луѓето, интегритет кој е длабоко всаден во се што се работи, иновативност, перфетност во се што се создава и секогаш со стремеж кон најдобрите и најефикасни решенија.

Дејствувајќи во повеќе сегменти од општеството, компанијата станува движечка сила пред се, во подигањето на квалитетот на работните стандарди, работните услови и пристапот кон вработените, деловните партнери и клиентите..

На овој начин и преку постојани инвестиции, усовршување на работните процеси и заедничко, организирано и тимско дејствување, Орка Холдинг достигна значителен бизнис раст и со своето работење создва вредности кои се значајни за компанијата, но и пошироко.

## ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

**„Наш приоритет е грижата за заедницата во која дејствуваме“**

„Орка Холдинг„ е групација која низ годините има изградено и втемелено во своето работење посебна култура на вредности со посебна почит и внимание кон своите вработени, деловни партнери и клиенти.

Од исклучително и битно значење е генералната стратегија со дефинирани цели за континуиран развој на вработените, заштита на животната средина и подршка на општествените вредности.

Групацијата Орка Холдинг смета дека големината на една компанија не се вреднува само со бројките и успесите кои ги постигнува, туку врз големината влијаат и делата кои се прават, хуманоста и грижата кон општеството и заедницата, кои се цврсто втмелени вредности во корпоративната стратегија и општествената одговорност.

## ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ

Групацијата Орка Холдинг во изминатава 2023 година целосно и успешно ја заврши планираната инвестиција за изградба и поставување на фотоволтаични системи, со цел за заштеда на електрична енергија.

Произведената електрична енергија се користи пред се, за сопствени потреби, додека вишокот се продава, согласно законската регулатива.

Имајќи во предвид дека во нашата земја има доволно сончеви денови во просек околу 280 дена од една страна, како и заштитата на животната средина од друга страна, користејќи го сонцето како чист, достапен и обновлив извор на енергија.

Исто така изминатава година се изгради уште една фотоволтаична централа на подрачјето на Битола, која е во постапка на пуштање во употреба во првата половина на 2024 година.

Во следниот период се продолжува со истиот тренд на инвестиции во фотоволтаични системи на нови локации, со што во голема мера ќе се намалат трошоците за електирчна енергија.

Исто така во изминатава година на купеното земјиште, непосредно до локацијата на Бизнис Центарот од 3.558 м2 во вкупна вредност од 1.220.000 еур,се изгради паркинг со кој во целост се задоволуваат условите за паркинг место за нашите ценети и почитувани пациенти, клиенти и деловни партнери.

Во 2023 година се купи уште едно земјиште во непосредна близина до БЦ Орка Холдинг, за изградба на деловен простор за администрацијата на Групацијата, со цел за проширување на капацитетот на Болницата, согласно потребите и побарувачката од пациентите.

## ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ И АКЦИОНЕРИТЕ

| | |
|---|---|
| Вкупен износ на основната главнина | 3,748,600 |
| Број на издадени акции | 37,486 |
| Обични акции | 37,486 |
| Номинална вредност на една акција | 100 |
| Број на акционери на крај на годината | 2 |
| Број и процент на сопствени акции во основната главнина | 0 |
| | |

## АКЦИОНЕРИ СО УЧЕСТВО НА АКЦИИ

| ред.бр. | Акционер | Износ во мкд | %учество |
|---|---|---|---|
| 1 | КАМЧЕВ КОНСАЛТИНГ | 25,116 | 67% |
| | | | |
| 2 | ОРКА ФАЈНАНС | 12,370 | 33% |

## ДИВИДЕНДА

Врз основа на работењето на Друштвото во претходниот период, нето добивката и ликвидноста, Бордот на директори поднесува Предлог одлука до Собранието на акционери за исплата на дивиденда.

На одржаното собрание на акционери на 22.12.2023 година е одобрена пресметка и исплата на нето дивиденда за период 2015,2016 и 2017 година во вкупен износ од 96.269.396 мкд со номинална вредност од 100 денари по акција.

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденда се додека истата не се одобри на Годишното собрание на акционери.

### Табеларен приказ на дивиденда

| ред.бр. | Годишно Собрание | добивка 2015-2016 | добивка 2017 | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 22.12.2023 | 87,820,119 | 8,449,277 | 96,269,396 |
| | | | | |
| | Вкупно: | 87,820,119 | 8,449,277 | 96,269,396 |

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ ВО 2023 ГОДИНА



# ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2023

**Согласно член 166 б точка 1, алинеја 1 од Законот за хартии од вредност, ги објавуваме следните податоци (во илјади):**

## ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2023
**(во илјада денари)**

| ред.бр. | опис | износ (во илјади денари) |
|---|---|---|
| 1 | Вкупни приходи | 347.834 |
| | | |
| 2 | Добивка пред оданочување | 201.025 |
| 3 | Добивка по оданочување | 201.025 |
| 4 | Нето готовински тек | (2.225) |
| 5 | Нето добивка по акција | 5362.67 |

**АД ХОДИНГ АД СКОПЈЕ**

**Извршен Директор**

**Лилјана Гајдоска**